#ReForMediaMKD

# РАЗНОЛИКОСТ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ВО ЦЕНТРАЛНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ИЗДАНИЈА КАЈ НАЈГЛЕДАНИТЕ ТВ-КАНАЛИ ВО МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2018

РАЗНОЛИКОСТ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ВО ЦЕНТРАЛНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ИЗДАНИЈА КАЈ НАЈГЛЕДАНИТЕ ТВ-КАНАЛИ ВО МАКЕДОНИЈА


Издавач: Македонски институт за медиуми

За издавачот: Билјана Петковска, директорка на МИМ

Автор: Гоце Трпковски

Уредник: Весна Никодиноска, Македонски институт за медиуми

Стручна редакција: Бранкица Петковиќ, Мировен Институт, Љубљана, Словенија

Лектура: Виолета Караџовска-Стојанова

Дизајн и печатење: Винсент графика

Анализата е подготвена во рамки на проектот *„#РеФорМедиаМКД* – Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера“, кој го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми и Мировниот институт од Љубљана.

Проектот е финансиран од Европската Унија.



Содржината на оваа публикација е целосна одговорност на авторот и на Македонскиот институт за медиуми и во никој случај не ги одразува ставовите на ЕУ.

# РАЗНОЛИКОСТ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ВО ЦЕНТРАЛНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ИЗДАНИЈА КАЈ НАЈГЛЕДАНИТЕ ТВ-КАНАЛИ ВО МАКЕДОНИЈА

*Автор: Гоце Трпковски*

## 1. ВОВЕД

Телевизијата остана највлијателен медиум во Македонија и во ерата на интернетот и на социјалните мрежи, што покажуваат и истражувањата на јавното мислење,[1] според кои повеќе од 85 отсто од испитаниците во 2017 година ја навеле како нивни главен извор на политички вести. Овој медиум останува примарен извор на информации врз чија основа граѓаните ги градат своите ставови и носат политички одлуки за општествените процеси.

Преку централните информативни изданија, телевизиите ја имаат „моќта" да одлучуваат колку ќе бидат информирани граѓаните. Дали тие ќе пласираат претежно едноставни информации поврзани со дневните случувања или ќе ги претставуваат тие случувања низ сеопфатни прилози во кои ќе го прикажат поширокиот контекст и ќе ги направат поразбирливи, претежно зависи од нивната уредувачка политика. Телевизиите самостојно одлучуваат колкав простор ќе отстапат и на кој начин ќе ја следат агендата наметната од дневните случувања, кои неизоставно треба да бидат дел од централните вести. Прашање на нивната уредувачка политика е, исто така, дали и колку ќе излезат од таа рамка и ќе понудат содржини што се производ на иницијативноста на самите редакции, со кои вниманието на публиката се насочува кон други околности или хронични проблеми што често остануваат игнорирани или заборавени, а сепак се од значаен јавен интерес.

### 1.1. Општествено-политички и медиумски контекст

Во Македонија, освен јавниот радиодифузен сервис со два канала, има уште пет терестријални телевизии на национално ниво и поголем број кабелски телевизии, од кои некои со гледаноста им конкурираат на терестријалните.[2] Бројот на различни телевизиски канали што емитуваат информативни изданија со содржини од поширок општествен интерес е голем, но тоа самото по себе не е гаранција за подобро информирани гледачи.

Во 2017 година земјата излезе од политичка криза, која подразбираше и системска контрола врз медиумите, што беше забележано и од домашните и од меѓународните релевантни набљудувачи. Контролата се вршеше преку директно влијание врз уредувачката политика, притисоци и развивање финансиско-клиентелистички релации меѓу медиумите и политичките и бизнис-центрите на моќ. Истражувањата на медиумската сцена[3] во овој период покажаа дека повеќе од половина национални телевизии имаа големи сличности не само во содржините што ги пласираа, туку и во пристапот кон известувањето. На тој начин не само што се потиснуваше разновидноста во информативната понуда, туку и поголем дел од медиумите наместо да му служат на јавниот интерес, застапуваа потесни

---

[1] International Republican Institute, *Public Opinion Research in Macedonia*, August 2017, USAID. Стр. 59. Достапно на: http://www.iri.org/sites/default/files/2017-9-18_macedonia_poll.pdf.

[2] Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, *Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици*, (прв квартал од 2018). Скопје: АААВМУ. Стр. 58-60. Достапно на: https://bit.ly/2wAKSCU.

[3] Институт за комуникациски студии, *МОДЕМ - Извештаи од мониторингот на телевизиските вести* (ноември 2015 - февруари 2017). Скопје: ИКС. Достапно на: http://respublica.edu.mk/modem-izvestai.

политички интереси[4] на партиите од поранешната власт. Така, во едно истражување спроведено од 19 декември 2015 до 29 јануари 2016 се забележува дека кај телевизиите МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алфа и Канал 5 продолжува трендот на пропагандистичко известување во полза на власта, а особено во полза на тогаш владејачката партијата ВМРО-ДПМНЕ, како и дека *„продолжува и уредничката конвергенција (...), јасно видлива од изборот на исти теми, исти цитирани извори и ист агол на обработка, така што прилозите на различни телевизии изгледаат како да се уредувани од ист центар на моќ“*.[5] Амбиентот во кој функционираа медиумите во тој период се одрази и на слабеење на нивните професионални капацитети,[6] бидејќи дел од нив, практично, ниту имаа потреба ниту вложуваа човечки и материјални ресурси за подлабоко истражување на темите и за зајакнување на истражувачкиот и на аналитичкиот пристап во известувањето.

Од доаѓањето на новата влада на 1 јуни 2017, се смета дека ситуацијата во медиумската сфера е во голем степен порелаксирана од претходно, а новата власт покажа волја да го ослободи медиумскиот простор од влијанија и од притисоци. Така, рекламирањето во медиумите со буџетски пари беше укинато со Одлука на Владата, се пристапи кон измена на законите со цел да се спречат политичките влијанија во јавниот сервис и во регулаторното тело за медиуми, беа организирани серија консултации меѓу Владата, медиумите и граѓанските организации за подобрување на условите и на легислативата во медиумската сфера, а Владата вложи и значителни човечки и технички ресурси во зајакнувањето на службите за односи со јавноста, со цел да ја подобри транспарентноста на институциите во работењето.

## 1.2. Цел на истражувањето

Основната цел на истражувањето е да се утврди како во новите општествено-политички услови известуваат осум телевизии во Македонија (најгледаните 5 терестријални и една кабелска, како и двата канала на јавниот сервис) од аспект на различноста во тематската и во жанровската застапеност, новинарската ангажираност, застапеноста на различни актери и географската покриеност. Намерата е да се утврди како функционираат јавните гласила во актуелните околности и колку се трудат да му служат на јавниот интерес за поквалитетно и посеопфатно информирање на граѓаните.

Националните телевизии се најмоќните медиуми во земјава. Во споредба со другите медиуми, тие имаат најбројни редакции и најсилни човечки и технички потенцијали да отидат подалеку од едноставното пренесување на информациите за дневните случувања и да навлезат подлабоко во актуелните теми, како и самостојно да отвораат теми од јавен интерес. Иако аналитичките и наративните новинарски стилови се покарактеристични за печатените медиуми, во случаи како во Македонија, каде повеќе весници згаснаа или се на раб на финансиска егзистенција, телевизијата останува медиум кој има и капацитет и одговорност да генерира теми од јавен интерес.

Моќта на медиумите беше редовно злоупотребувана од страна на минатата владејачка гарнитура за политички маркетинг, оркестрирани напади врз критичарите и за ограничување на просторот за неистомислениците. Во извештајот на ИКС во 2016 година беше констатирано: *„Новинарството ја губи функцијата на чувар на јавниот интерес и неутрален и дистанциран критичар: наместо да го штити интересот на граѓаните, тоа се претвора во информативна пропаганда на партијата на власт“*.[7] Во извршувањето на овие улоги, спротивни на јавниот интерес, телевизиите Сител, Канал 5 и Алфа, а често и јавниот сервис МТВ 1, настапуваа како да се раководени од една редакција.

Истражувањето има цел да утврди во кој правец се развиваше медиумската сцена од овој аспект во почетокот на 2018 година во услови на променет општествено-политички контекст и колку телевизиите ги користат своите капацитети да придонесат кон збогатување на разновидноста и на квали-

[4] Институт за комуникациски студии, *МОДЕМ - Извештај од следењето на медиумските содржини* (19 декември 2015 до 29 јануари 2016). Скопје: ИКС. Достапно на: http://respublica.edu.mk/modem/19-29-januari/Second-Monthly-report-MODEM_mk_opt.pdf.

[5] Ибид. Стр. 2.

[6] Заклучок изнесен на дебатата *„Истражувачко новинарство - за да се дознае вистината“*, организирана од Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија на 19 октомври 2016. Достапно на: https://tv21.tv/mk/?p=105824.

[7] Институт за комуникациски студии, Извештај од следењето на медиумските содржини, 6 февруари - 4 март 2016. Скопје: ИКС. Стр. 3. Достапно на: http://respublica.edu.mk/modem/06-04-mart-2016/Third-Monthly-report-MODEM_opt.pdf.

тетот на содржините што се пласираат во информативните изданија. Основниот предизвик е дали и како на граѓаните ќе им се обезбедат сеопфатни, разновидни и квалитетни содржини, кои би овозможиле подобро информирање и разбирање на актуелните и на хроничните состојби во државата, а кои нема да бидат едноставно „пресликување“ на вестите од една на друга телевизија. Ова е клучно за активното учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки.

## 1.3. Опфатени телевизии и мониториран период

Во истражувањето беа опфатени централните информативни изданија на осум телевизиски канали, што се следеа во тек на една седмица, од понеделник, 19 февруари до недела, 25 февруари 2018 година. Во овој период мониторираните телевизии објавија вкупно 796 прилози.

***Табела 1: Мониторирани информативни изданија***

| ТВ КАНАЛИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МТВ 1 | МТВ 2 | АЛФА | АЛСАТ-М | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | ТВ 24 |
| 19:30 ч. | 18:30 ч. | 17:30 ч. | 22:30 ч. | 18:00 ч. | 19:00 ч. | 18:30 ч. | 17:00 ч. |

Мониторираниот период беше погоден за истражување, бидејќи не се случија вонредни настани, како на пример големи политички промени или природни несреќи што целосно би го окупирале вниманието на јавноста и на медиумите. Сепак, се случија повеќе значајни настани, од кои поголемиот дел беа поврзани со надворешната политика, а главниот фокус беше на спорот за името и на евроатлантските интеграции. Дополнително, имаше и повеќе драматични случаи од сферата на социјалната заштита, правосудството, меѓупартиските односи, еден трагичен настан во кој загинаа двајца македонски планинари, како и други актуелни теми од значаен јавен интерес.

Анализираниот период овозможи да се следи разновидноста во известувањето од различни аспекти. Од една страна, се следеше колку медиумите ја исполнуваат својата должност редовно да ги следат актуелните случувања и да известуваат за нив. Но, од друга страна, се истражуваше на кој начин различните медиуми ги покриваат тековните настани, колку длабоко навлегуваат во нив и колку се обидуваат да внесат свои специфики во известувањето, наспроти едноставното пренесување на најновите информации. Се следеше и колку често медиумите отвораат теми од јавен интерес надвор од актуелната агенда, на кои теми им отстапуваат најмногу простор, а на кои им даваат приоритет пласирајќи ги меѓу првите прилози во информативните изданија. Беа истражувани и најзастапените жанрови во централните вести, кои актери од општествениот живот се најприсутни, како и каква е географската дистрибуција или концентрација во известувањето.

# 2. ЖАНРОВСКА РАЗНОВИДНОСТ ВО ЦЕНТРАЛНИТЕ ИЗДАНИЈА НА ВЕСТИТЕ

***Извештаите*** поврзани со актуелните случувања беа најзастапениот новинарски жанр што се употребуваше во централните вести во дадениот период кај сите мониторирани телевизии. На нив отпаѓаат околу 60 отсто од вкупно објавените прилози. Извештајот беше доминантен жанр и на секоја телевизија поединечно. Повеќето мониторирани телевизии објавија повеќе од 60 извештаи секоја поединечно, а нивниот број беше помал на ТВ Канал 5 и на ТВ Алсат-М.

Сепак, од телевизија до телевизија можеа да се забележат карактеристични разлики во жанровскиот пристап - и според содржајноста на извештаите и според употребата на другите жанрови во информативните изданија. Некои телевизии се држеа до трансмитивното известување, пренесувајќи ги најновите случувања без подлабоко да навлезат во нив. Други известуваа за актуелните теми преку сеопфатни прилози во кои на најновиот развој ги додаваа реакциите на засегнатите страни и заднината на случувањата, обезбедувајќи на тој начин поширок контекст. Во други случаи медиумите кон извештаите додаваа и информации до кои дошле самите или изјави и мислења што самите ги обезбедиле, со цел да понудат подлабок или посеопфатен преглед на темата.

Вториот најзастапен жанр беа пренесуваните ***изјави*** без новинарски интервенции. На сличен начин беа објавувани и поголем број соопштенија. Од информативните жанрови беа застапени и вестите. Само околу 15 отсто од објавените прилози беа анализи, интервјуа, истражувачки стории или репортажи.

***Табела 2: Жанровска застапеност по ТВ-канали (број на прилози)***

| ЖАНРОВИ | ТВ-КАНАЛИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МТВ 1 | МТВ 2 | АЛФА | АЛСАТ-М | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | ТВ 24 |
| ИЗВЕШТАЈ | 476 | 63 | 56 | 62 | 49 | 47 | 68 | 62 | 69 |
| ВЕСТ | 55 | 11 | 7 | 10 | / | 8 | 6 | 5 | 8 |
| СООПШТЕНИЕ | 44 | 12 | 2 | 9 | 1 | 9 | 4 | 5 | 2 |
| АНАЛИЗА | 56 | 1 | 5 | 12 | 16 | 8 | 4 | 2 | 8 |
| РЕПОРТАЖА | 21 | 3 | / | 1 | 1 | 3 | 4 | 6 | 3 |
| ИЗЈАВА | 111 | 24 | 9 | 25 | 2 | 15 | 13 | 13 | 10 |
| ИСТРАЖУВАЊЕ | 17 | / | / | / | / | 1 | / | 4 | 12 |
| ИНТЕРВЈУ | 18 | 2 | / | 1 | / | 9 | 2 | 1 | 3 |
| АНКЕТА | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| КОМЕНТАР | 3 | / | / | 3 | / | / | / | / | / |
| ДЕМАНТ | 1 | / | / | / | / | / | 1 | / | / |

Македонската телевизија, и на Првиот и на Вториот програмски сервис, најчесто се држеше до едноставното пренесување на информациите за дневните случувања. МТВ 1 имаше практика различните реакции на иста тема да ги објавува во посебни прилози (пред сè, реакциите на опозицијата), поради што телевизијата објави значителен број прилози што беа само пренесени изјави и соопштенија. Во целиот истражуван период, МТВ1 објави само една анализа (цитат: *„Двонеделна собраниска летаргија. Дел од пратениците на службен пат, а опозициските не доаѓаат на пленарките“*, 19.2.2018), три репортажи меѓу кои една од подготовка на нова театарска претстава, како и интервју со известувачот за Македонија во Европскиот парламент, Иво Вајгл. Аналитичките прилози беа реткост и на МТВ 2 (наслов: *„Аналитичари: сигнал дека интеграциите и името се во фокусот“*, 25.2.2018).

И телевизијата Сител, чии вести се најгледани,[8] само повремено употребуваше жанрови што подразбираат посилен авторски ангажман како анализи (наслов: „Прегрупирање во албанскиот политички корпус по дефинитивниот распад на БЕСА“, 21.2.2018), репортажи (наслов: *„Хаос во Управата за матичните книги“*, 22.2.2018) или интервјуа. Репортажите беа најзастапени на ТВ Телма (наслов: *„Урбанизацијата го руши културното наследство“*, 25.2.2018), а повремено се среќаваа и на ТВ 24 (наслов: *„Депонија во центарот на Скопје“*, 23.2.2018), ТВ Канал 5 и на други телевизии.

[8] АААВМУ, *Истражување на мислењето на публиката во Република Македонија*. Скопје: АААВМУ. Стр. 47. Достапно на: https://bit.ly/2L8C3TY .

Аналитичкиот пристап беше особено карактеристичен за ТВ Алсат-М (наслов: *„Нејаснотии околу планот за економски развој“*, 23.2.2018), која во истражуваниот период објави дури 16 анализи, а делумно и за ТВ Алфа со 12 анализи (наслов: *„Жежов: Трагањето на споменициите значи негирање на македонската историја“*, 22.2.2018). ТВ Канал 5 и ТВ 24 во седмицата што се следуваше, емитувале по осум анализи.

***Графикон 1: Застапеност на анализи по ТВ-канали***




Специфика на ТВ Канал 5 беа интервјуата. Честото вклучување соговорници во живо или снимени разговори на оваа телевизија придонесе во нејзините вести да се објават половина (9) од вкупно 18 емитувани интервјуа на осумте телевизии во известувачкиот период. Сите други телевизии емитуваа помалку од три интервјуа, а кај некои воопшто не беше застапен овој жанр.

Тоа што ја издвојува ТВ Алфа во однос на жанровите беше коментаторскиот пристап. Освен што објавуваше класични коментаторски прилози (најава: *„Наградно прашање: На што покрај грчките ригидни јавни црвени линии се должи оптимизмот на Заев“*, 21.2.2018), оваа форма на изразување често се среќаваше и во најавите на други прилози.

Само три телевизии, ТВ 24, ТВ Телма и ТВ Канал 5, објавија истражувачки прилози, а две третини од нив се емитуваа на ТВ 24. Телевизијата 24 истражуваше теми што не беа непосредно врзани со дневните настани и случувања, а кои се од јавен интерес, како на пример тендерите во скопските средни училишта (наслов: *„Истрага во ‘Арсениј Јовков’“*, 20.2.2018), здравствениот систем, набавките во поединечни општини итн. ТВ Канал 5 емитуваше едно истражување (наслов: *„Дали МВР има законска можност да употребува англиски во пасошите“*, 19.2.2018). За ТВ Телма беше карактеристично што ја применуваше оваа форма во известувањето и за тековните случувања (наслов: *„Калина и Александар премрзнале во рок од еден час“*, 21.2.2018).

## 3. ТЕМИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ ВО ЦЕНТРАЛНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ИЗДАНИЈА НА МОНИТОРИРАНИТЕ ТВ-КАНАЛИ

Случувањата од надворешната политика беа најзастапената област за која известуваа телевизиите во мониторираниот период. Истражувањето се спроведе во време на интензивни дипломатски напори за наоѓање решение околу долгогодишниот спор за името меѓу Македонија и Грција, во кои се вклучени не само државните врвови на двете земји, туку и меѓународната заедница. Средбите на премиерот Зоран Заев со канцеларката Ангела Меркел во Берлин и со претседателот на Европската комисија Жан Клод Јункер во Скопје, како и посетата на претседателот Ѓорге Иванов на турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган, беа опсервирани низ оваа призма. На оваа тема редовно се следеа и се анализираа различните пораки од македонските и од грчките претставници во врска со прашањето за името, како и ставовите на трети страни. Во контекст на овој меѓудржавен спор се следеше и промената на таблите на автопатот од Табановце до Гевгелија и на аеродромот во Скопје, како и промената на имињата на автопатот од „Александар Македонски“ во „Пријателство“ и на аеродромот од „Александар Велики“ во „Меѓународен аеродром Скопје“. Јавниот сервис МТВ 1, ТВ Алфа и ТВ Канал 5 им посветија големо внимание на овие теми, а веднаш зад нив беше ТВ Сител. Некои телевизии, како ТВ Телма, ТВ 24 и ТВ Алсат-М, не пренесоа информација за посетата на претседателот на државата Ѓорге Иванов на Турција.

*Табела 3: Најзастапени теми во известувањето во информативните изданија кај ТВ-каналите (број на прилози)*

| ТЕМИ | ТВ-КАНАЛИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МТВ 1 | МТВ 2 | АЛФА | АЛСАТ-М | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | ТВ 24 |
| СПОР ЗА ИМЕТО | 50 | 4 | 3 | 14 | 3 | 11 | 7 | 4 | 4 |
| ЕВРОИНТЕГРАЦИИ | 29 | 10 | 2 | 5 | 3 | 3 | 2 | 3 | 1 |
| ЗАЕВ-МЕРКЕЛ | 19 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 |
| ЗАЕВ-ЈУНКЕР | 16 | 2 | 2 | 2 | 2 | 4 | 1 | 1 | 2 |
| ИВАНОВ ВО ТУРЦИЈА | 12 | 3 | 1 | 3 | / | 2 | 3 | / | / |
| АЕРОДРОМ | 9 | 1 | / | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 |
| СЛУЧАЈ „25 МАЈ“ | 55 | 6 | 3 | 8 | 6 | 9 | 9 | 7 | 7 |
| СЛУЧАЈ „27 АПРИЛ“ | 39 | 6 | 5 | 6 | 5 | 3 | 4 | 5 | 5 |
| СОБРАНИЕ | 33 | 4 | 6 | 3 | 3 | 3 | 5 | 7 | 2 |
| ЌОСЕТО | 36 | 5 | 1 | 12 | 2 | 6 | 5 | 2 | 3 |
| ПЕНЗИОНИРАЊЕ | 24 | 4 | 1 | 3 | 3 | 4 | 6 | 3 | / |
| ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА | 17 | 2 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 3 | 1 |
| КАЈМАКЧАЛАН | 17 | 2 | / | 2 | / | 2 | 5 | 4 | 2 |
| МЕДУМИ | 33 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 2 | 3 | 7 |
| КОРУПЦИЈА | 32 | 5 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 9 | 9 |
| ЗДРАВСТВО | 25 | 2 | 1 | 4 | 3 | 4 | 2 | 3 | 6 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 22 | 3 | 4 | 3 | 4 | 1 | 1 | 3 | 3 |
| ЗЕМЈОДЕЛСТВО | 16 | 6 | 1 | 1 | / | 1 | 4 | 1 | 2 |
| ЖИВОТНА СРЕДИНА | 15 | 1 | 2 | 3 | 1 | 1 | 4 | 2 | 1 |

Најзастапена поединечна тема беше скандалот со сексуалната злоупотреба на 13-годишно девојче од Домот за деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај“, кое било силувано, присилено на проституција и абортирало. Во мониторираниот период се следеше постапувањето на Министерството за труд и социјална политика во врска со овој случај, реакциите од различни невладини организации и други субјекти, прозивките за одговорност од опозицијата итн. Сите телевизии, со исклучок на Вториот програмски сервис на МТВ 2, интензивно известуваа за овој случај.

Вниманието на јавноста го привлекоа и повеќе судски одлуки во врска со продолжувањето или укинувањето на притворите на лица осомничени за собранискиот инцидент на 27 април минатата година, кога поголема група граѓани, од кои дел со маски на лицата, упаднаа во собраниската згра-

да непосредно по изборот на Талат Џафери за претседател на Собранието и физички нападнаа дел од пратениците од СДСМ и од Алијансата за Албанците, нанесувајќи им телесни повреди. Од работата на судството се следеа рочиштата за случаите што ги води Специјалното јавно обвинителство и други настани. Известувањето за овие две теми беше со слична фреквенција на сите мониторирани телевизии.

Собранието во истражуваниот период се соочуваше со различни проблеми, меѓу кои најголем беше честиот недостиг на кворум за да се одржуваат седниците и да се гласа за законите, бидејќи опозицијата ги бојкотираше седниците, а мнозинството беше тесно. Некои парламентарни партии се соочуваа со внатрешни поделби, како БЕСА. Овие теми беа редовно следени, пред сè од Првиот и од Вториот програмски сервис МТВ 1 и МТВ 2 и од ТВ Телма.

Ударно беше пренесена информацијата дека во ноќните часови на 22 февруари градските власти во Скопје го отстранија споменикот на Андон Лазов Ќосето од пред зградата на Врховниот суд, поставен со одлука на претходната власт како дел од контроверзниот проект „Скопје 2014“. Неговото демонтирање предизвика многубројни реакции што медиумите ги следеа со различен интензитет, а ТВ Алфа предничеше во покривањето на оваа тема.

Во мониторираниот период се водеше дебата околу старосната граница за пензионирањето во Македонија. Таа се заостри откако премиерот Заев во Собранието изјави дека како крајна мерка е можно зголемувањето на оваа граница, што предизвика остри реакции кај дел од јавноста и кај опозицијата. Повеќето медиуми ја разработија оваа тема, а најдалеку во нејзиното покривање отиде ТВ Сител.

Во овој период сè уште се бараа одговори од Министерството за култура во врска со спорните распределби на буџетските пари преку годишната програма за култура, при што беа им доделени суми на непознати здруженија, на организации блиски до членови на комисијата итн. Развојот на оваа афера редовно се следеше, особено на ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5 и на ТВ Телма.

Јавното обвинителство отвори истрага во врска со трагедијата во која загинаа двајца македонски планинари на планината Кајмакчалан на 11 февруари 2018 година, а за оваа тема особен интерес покажаа ТВ Сител и ТВ Телма.

Беа објавени и поголем број прилози во врска со различни теми од областа на образованието и здравството, како и прилози за корупциски случаи (тендери во училишта, финансирање на партиите, кривични пријави за злоупотреби) или состојби констатирани во меѓународни извештаи и реакции.

## 3.1. Начин на известување за најзастапените теми во централните информативни изданија кај ТВ-каналите

Телевизиите покажаа умерени разлики во застапеноста на актуелните теми од мониторираниот период во нивните информативни изданија, како и во пристапот кон известувањето за нив. Медиумите што ставаа поголем акцент на темите што ги разработуваат самостојно (ТВ 24, ТВ Алсат-М) емитуваа помал број прилози во врска со актуелностите во споредба со другите. Во најголем број случаи известувањето за овие теми се вршеше преку сеопфатни извештаи што ги комбинираа различните дневни случувања (настани, изјави, соопштенија, реакции), на кои им се додаваше поширокиот контекст. Сепак, некои телевизии за различни теми се обидуваа да направат нешто повеќе од конкуренцијата. Разликите во некои случаи се должеа на уредувачките политики во врска со тоа на кои теми да им се даде приоритет, а во други тие беа резултат на натпреварот меѓу телевизиите која ќе обезбеди подетални и ексклузивни информации во врска со актуелните теми.

Во врска со темите од надворешната политика, ТВ Алфа посебно се истакна со аналитички прилози околу спорот за името, од кои дел содржеа субјективни толкувања и заклучоци насочени против актуелната власт (наслов: *„По демантот од Kosијас, Заев доби уште еден политички удар, од бугарскиот претседател“*, 19.2.2018), а објавуваше и информации што ги немаше на другите медиуми (наслов: *„Принцот од Лихтенштајн во судир со Грција поради Македонија“*, 20.2.2018). ТВ

Канал 5 ја обработуваше темата за спорот околу името од повеќе различни агли објавувајќи сеопфатни извештаи, анализи (наслов: *„Зошто е апсурдно барањето на Атина за промена на македонскиот Устав“*, 20.2.2018), истражувања (наслов: *„Дали МВР има законска можност да употребува англиски на пасошите“*, 19.2.2018) и интервјуа со професори и со политички аналитичари (Јове Кекеновски, Андреја Стојковски, Ристо Никовски, Александар Спасов, Александар Кржаловски). Првиот програмски сервис МТВ 1 и ТВ Сител интензивно ги следеа овие теми и ги пласираа ударно, генерално преку проширени дневни извештаи, иако ТВ Сител во некои случаи се обиде да даде поширок осврт на случувањата (наслов: *„Ципрас дециден: Нема решение за името без промена на Уставот“*, 24.2.2018).

Другите четири телевизии, исто така, редовно и целосно информираа за сите актуелни случувања од оваа област, но поретко навлегуваа во неа со сопствени осврти и анализи, иако имаше и исклучоци на Вториот програмски сервис МТВ 2 (наслов: *„Аналитичари: Сигнал дека името и реформите се во фокусот“*, 25.2.2018), на ТВ Алсат-М (наслов: *„Пакетот за името во рацете на Ципрас“*, 23.2.2018) и на ТВ 24 (наслов: *„Позитивна клима во преговорите“*, 22.2.2018). Различната застапеност и различниот пристап кон надворешната политика покажаа дека меѓу телевизиите постојат разлики во уредувачката политика, според која тие се водат во одлучувањето колкав простор ќе им отстапат на овие теми.

За разлика од тоа, во известувањето за скандалот со сексуалната злоупотреба на девојче од Домот за деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај“, кај повеќето медиуми можеше да се забележи натпреварувачки пристап, во кој тие се обидуваа да дознаат што повеќе информации за развојот на настаните и да обработат различни агли од случајот. Ова особено важеше за ТВ Телма, која во известувањата вметнуваше информации до кои дошла самата и ги објавила барем еден ден пред другите (цитат: *„Обвинителството има еден осомничен за силувањето на 13-годишната штитеничка од домот ‘25 Мај’, потврдија за Телма извори од истрагата“*, 24.2.2018). ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ 24 објавија интервјуа со релевантни соговорници за овој случај (адвокатката на семејството, психолози, претставници на невладини организации, претставничка на Народниот правобранител), а ТВ Сител повремено известуваше со критички тон (наслов: *„ОЈО знаело за малолетничката, но не презело дејства, зашто немало конкретен сторител“*, 22.2.2018).

Но, тоа не беше ни блиску до коментаторскиот пристап што го имаше ТВ Алфа, што често се користеше и во најавите на самите прилози (најава: *„Во меѓувреме, изненадува односот на т.н. невладини кои се занимаваат со човекови права, кои ги нема никаде, небаре се пропаднати в земја. Замислете ја само реакцијата ако скандалот со три малолетни бремени девојчиња се случеше во времето на ВМРО-ДПМНЕ. А сега имаме само громогласен молк на овие сега владини организации“*, 21.2.2018). ТВ Алсат-М, Првиот и Вториот програмски сервис МТВ 1 и МТВ 2 за овој случај известуваа редовно пренесувајќи го дневниот развој на настаните. МТВ 1 повремено ги пренесуваше информациите преку проширени извештаи со бекграунд (наслов: *„Дом ‘25 Мај’, бремени уште две штитенички“*, 20.2.2018), што не беше вообичаено за јавниот сервис во мониторираниот период.

Иако се објавија значителен број прилози во врска со судските одлуки поврзани со насилниот инцидент од 27 април 2017 година, сепак медиумите ретко навлегуваа подлабоко во оваа тема. Исклучок беа само телевизиите Алфа и Телма, меѓу кои имаше големи разлики. ТВ Алфа имаше изразен критички пристап за третманот на обвинетите (наслов: *„Апелациските судии чекаа 20 дена за мислење од обвинители“*, 20.2.2018), додека ТВ Телма употребуваше истражувачки пристап, обидувајќи се да открие повеќе детали од оние понудени на конкурентските телевизии (наслов: *„Села бил извлечен од Собранието маскиран како полицаец“*, 19.2.2018; цитат: *„Снимка дека Јане Ченто со нога го удира Зоран Заев“*, 21.2.2018).

Проблемите во функционирањето на Собранието, неуспешните координации кај собранискиот претседател Талат Џафери и проблемите што мнозинството ги имаше да обезбеди кворум за седниците беше тема кон која критички се поставија повеќето медиуми. Тоа се однесува и на Првиот програмски сервис МТВ 1 (цитат: *„Двонеделна собраниска летаргија“*, 19.2.2018), ТВ Алсат-М (наслов: *„Избрани потпретседатели на Собранието, мнозинството има проблем со кворумот“*,

20.2.2018), ТВ Канал 5 (наслов: *„Блокирани реформските закони“*, 19.2.2018) и ТВ Сител (наслов: *„Неуспешна координација кај Џафери, парламентот останува блокиран“*, 19.2.2018). Критичкиот тон беше засилен на ТВ 24 (наслов: *„Пратенички прашања, Амди Бајрам го фали Заев како најдобар премиер“*, 22.2.2018), додека кај ТВ Алфа и во врска со оваа тема се забележуваше субјективен коментаторски пристап (наслов: *„Нова награда во РМ: Функција потпретседател на Собранието за пратеници што ѝ учиниле на власта“*, 21.2.2018). Иако поретко, ТВ Телма и во известувањето за Собранието се истакнуваше со информации до кои ексклузивно дошла телевизијата (наслов: *„Се подготвува нов собраниски деловник“*, 23.2.2018).

Отстранувањето на споменикот на Ќосето беше главната вест на сите телевизии кога се случи, но на ТВ Алфа беше доминантна тема и во наредните денови. Телевизијата објавуваше дневни информации, аналитички прилози и интервју со историчарот Никола Жежов, а повторно беше забележителен силниот критички тон кон новата власт (најава: *„Власта го исполни ветеното, ‘Скопје 2014’ ќе го снема“*, 23.2.2018; најава: *„Ќосето бил дивоградба, а двоглавиот орел на УЧК бил споменик, оваа скандалозна изјава ја даде Петре Шилегов“*, 24.2.2018). Оваа тема главно беше покриена со проширени извештаи, а повеќе внимание ѝ посветија уште и ТВ Канал 5 со интервју со градоначалникот на Центар, Саша Богдановиќ, во врска со одлуката за отстранување, како и МТВ 2 со аналитички прилог во врска со целиот проект од кој дел беше статуата на Ќосето (наслов: *„Проектот ‘Скопје 2014’ не ја отсликува мултиетничноста“*, 23.2.2018).

Поголем сопствен ангажман во известувањето за годишната програма за култура во мониторираниот период покажаа ТВ Алсат-М (наслов: *„Институции го демантираат Министерството за култура“*, 23.2.2018) и ТВ Канал 5 (наслов: *„Реакцијата од Министерството за култура не стасала до Антикорупциска“*, 23.2.2018). Овој скандал беше стар веќе десетина дена во мониторираниот период, па повеќето телевизии се задржаа на пренесување изјави, соопштенија и извештаи во врска со него.

ТВ Сител беше единствениот медиум што подетално ја обработи темата со можното поместување на старосната граница за пензионирање, со аналитички прилог објавен уште пред премиерот и опозицискиот лидер да се вклучат во дебатата (наслов: *„Македонците само 12 години уживаат во пензионерските денови, ќе се намали ли дополнително овој период“*, 20.2.2018). Другите телевизии во врска со оваа важна тема редовно ги објавуваа претежно дневните информации, изјавите на политичките челници и реакциите на нив.

Генерално, сите телевизии им посветија најмногу внимание на надворешнополитичките теми, како и на чувствителниот случај со злоупотребеното девојче од Домот за деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај“. Другите централни теми предизвикуваа различен интерес кај мониторираните телевизии. Некои теми, како контроверзната годишна програма за култура, покажаа дека се доволни десетина дена за да биде еден скандал потиснат од другите и да му се обрнува помалку внимание, иако не е расчистен. Пристапот кон главните теми и употребата на различни жанрови во нивното покривање ги отсликуваше разликите во уредувачките определби на телевизиите во врска со тоа кои теми им се најважни и од кои агли им пристапуваат. Но, истовремено, тие покажаа различни капацитети во врска со тоа колку сеопфатно ги покриваат овие теми и колку длабоко навлегуваат во нив. Истражувачкиот пристап во известувањето за овие теми беше карактеристичен за ТВ Телма, а аналитичко-критичкиот за ТВ Алсат-М и за ТВ 24.

Првиот програмски сервис МТВ 1 и Вториот програмски сервис МТВ 2 почесто се држеа до дневното информирање, со исклучок на мал број теми како надворешната политика или скандалот во Домот за деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај“. Телевизијата Канал 5 беше фокусирана на главните теми од мониторираниот период, но се обидуваше да ги покрие од што повеќе различни агли, пред сè со интервјуа, а повремено и со анализи и истражувања. Тематската застапеност беше слична и кај ТВ Сител, со исклучок на темата за старосната граница за пензионирање, која беше поприсутна. ТВ Алфа повеќе се посвети на националните теми како спорот за името или статуата на Ќосето, за кои известуваше коментаторски.

Со тоа телевизиите МТВ 1, Сител, Алфа и Канал 5 покажаа дека ја напуштиле уредувачката конвергенција што беше карактеристична за нив пред една или две години, како што покажуваа истражувањата од тој период. ТВ Алфа е единствената телевизија што задржа дел карактеристики на уредувачката политика од тој период, ТВ Канал 5 покажува потенцијали за попрофесионална обработка на темите од претходно, додека ТВ Сител и особено Првиот програмски сервис МТВ 1 го замениле пропагандистичкиот пристап со претежно трансмитивно пренесување на информациите во врска со актуелните случувања во неделата кога бил спроведен мониторингот.

### 3.2. Новинарски ангажман во известувањето во информативните изданија на тв-каналите

Во мониторираниот период осумте телевизии објавија вкупно 56 прилози што се однесуваа *на теми што ги отвориле и ги разработиле самите редакции* и кои не беа директно поврзани со актуелните случувања, што претставува скромни седум проценти од вкупниот број мониторирани прилози. Овие прилози опфаќаа сопствени истражувања што откриваа нови случаи на можни злоупотреби на функциите, ексклузивни информации до кои дошле медиумите, анализи во врска со ветувања што останале неисполнети, репортажи, дописнички стории итн. Во 256 прилози (32 проценти од вкупно мониторираните), телевизиите ги искористуваа дневните настани како повод за да дадат поширок осврт на случувањата, да ги поврзат меѓусебно во соодветен контекст, да им додадат информации до кои самите дошле, да објаснат што им претходело на последните настани, да ги анализираат, да направат интервјуа итн. Половина од овие прилози беа проширени извештаи. Преостанатите 504 прилози (61 процент) се состоеја од едноставно пренесување на дневните настани, без поголема новинарска интервенција.

***Табела 4: Редакциски ангажман во информативните изданија на ТВ-каналите (број на прилози)***

| ИЗВЕСТУВАЊЕ | ТВ-КАНАЛИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МТВ 1 | МТВ 2 | АЛФА | АЛСАТ-М | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | ТВ 24 |
| ДНЕВНИ НАСТАНИ | 504 | 100 | 68 | 85 | 27 | 64 | 61 | 47 | 52 |
| АКТУЕЛНИ ТЕМИ ВО ПОШИРОК КОНТЕКСТ | 256 | 13 | 9 | 29 | 46 | 31 | 39 | 42 | 47 |
| ТЕМИ ШТО ГИ ОТВОРИЛ МЕДИУМОТ | 56 | 3 | 3 | 9 | 9 | 5 | 2 | 9 | 16 |

Практиката да се отвораат сопствени теми неповрзани со актуелните случувања беше почеста на четири телевизии - ТВ 24, ТВ Телма, ТВ Алсат-М и ТВ Алфа, во однос на преостанатите четири медиуми - ТВ Канал 5, ТВ Сител, МТВ 1 и МТВ 2. Притоа ТВ 24 најмногу се истакна со прилози за теми што ги отвори самиот медиум, дури 16 од вкупно 56 на сите мониторирани телевизии.

***Графикон 2: Редакциски ангажман во известувањето***




Меѓу телевизиите можеа да се забележат значителни разлики во новинарскиот ангажман при известувањето. Кај некои ангажираните прилози беа исклучително ретки. Кај други тие беа почести поради практиката да се проширувaат дневните извештаи со бекграунд и со поширокиот контекст, а кај трети ангажираноста се сведуваше на силен коментаторски израз со субјективни гледишта.

Сепак, некои телевизии се истакнуваа со отворање непознати теми преку истражувачки стории и репортажи, со наоѓање ексклузивни информации и со аналитички пристап кон тековните, хроничните или заборавените проблеми на општеството.

Во ова предничеа истражувачките прилози за сомнителните тендери во скопско средно училиште (наслов: *„Нов скандал во средното училиште 'Арсени Јовков'"*, 21.2.2018) и привремените вработувања во Владата. Преку животни приказни за дете со попреченост што оди на училиште (наслов: *„Децата со посебни потреби оставени на маргините на општеството"*, 19.2.2018) и на пациентка на скопските клиники (наслов: *„Рутинска операција се претвори во кошмар за 39-годишна жена"*, 22.2.2018), телевизијата ги прикажуваше општите негативни состојби во социјалната инклузија и во здравството, а преку урбана приказна (наслов: *„Депонија во центарот на Скопје"*, 23.2.2018) се прикажаа не само комуналните проблеми туку и предизвиците на маргинализираните заедници. Сепак, се забележува дека прилозите од овој тип телевизијата често ги пласираше кон средината или кон крајот на вестите.

За ТВ Алсат-М, пак, карактеристично беше отворањето прашања што одамна биле заборавени, како неисполнетите ветувања што им донеле корист на владини функционери (наслов: *„По укинувањето на царината за акумулаторите, ги нема инвеститорите"*, 19.2.2018), неуспешните проекти (наслов: *„Општините не можат да ги отуѓуваат стадионите"*, 19.2.2018) или локалните состојби (наслов: *„Општинскиот совет во Тетово, политички заробеник"*, 25.2.2018). Меѓу оригиналните прилози на ТВ Телма се сретнуваа ексклузивни информации на медиумот (наслов: *„Се подготвува промена на собранискиот деловник"*, 23.2.2018), анализи на хронични проблеми (наслов: *„Училиштата се даваат во долгови"*, 19.2.2018), дописнички репортажи (наслов: *„Ученици со решение за подобра транспортна врска меѓу Македонија и Бугарија"*, 24.2.2018) и животни приказни (наслов: *„25-годишна мајка спасот го бара во алтернативната медицина"*, 25.2.2018).

Кај ТВ Алфа се среќаваа дописнички репортажи (наслов: *„Тврдината Исар може да биде магнет за туристи"*, 24.2.2018), животни приказни на поединци (наслов: *„Скандал - избркана од работа поради статус на Фејсбук"*, 24.2.2018), како и анализи на хронични неповолни состојби (наслов: *„Државните микробиолошки лаборатории немаат реагенси"*, 23.2.2018). Меѓу овие прилози имаше и извештаи со дотогаш непознати детали, а кои ги објави само медиумот (наслов: *„Викиликс: во 2008-та Меркел го убедувала Груевски да прифати Република Скопје"*, 21.2.2018).

ТВ Канал 5 ја отвори и ја обработуваше темата дали МВР има право да користи англиски јазик во пасошите. Меѓу малиот број прилози што медиумот ги објави на теми неповрзани со актуелностите имаше и репортажа за Македонка со интересна професија во Лондон (наслов: *„Блогерството во ерата на социјалните мрежи може да биде релаксација, но и начин на заработка"*, 25.2.2018) и анализа за хроничен проблем (наслов: *„Постојните квоти за лекови премали за побарувачката"*, 23.2.2018).

Една репортажа за функционирањето на јавните институции (наслов: *„Хаос во Управата за матичните книги"*, 22.2.2018) и една социјална животна приказна (наслов: *„Самохрана мајка добила известување дека детето нема да ѝ го примат во градинка поради неплатени сметки"*, 23.2.2018) беа единствените случаи кога ТВ Сител се оттргна од дневните теми.

Ангажманот од овој тип на Програмскиот сервис МТВ 1, пак, се состоеше од следење на случувањата што другите не ги следат, како подготовка на театарска претстава (наслов: *„Како да се ограби банка, премиерно во Драмски"*, 21.2.2018) или меѓународен саем за храна (наслов: *„Органско производство: Расте интересот, асортиманот се зголемува"*, 24.2.2018). Поретко овие прилози беа аналитички (наслов: *„Здрава храна: придобивка за граѓаните и угостителите"*, 25.2.2018). На Програмскиот сервис МТВ 2 се објави единствената анкета во мониторираниот период која не се однесуваше на ниту едно тековно случување (наслов: *„Биткоин: граѓаните со поделени мислења"*, 25.2.2018).

Иако прилозите за сопствени теми беа мошне ретки, телевизиите се издигнуваа над едноставното пренесување на дневните информации и така што ги искористуваа да направат пошироки прилози

за актуелните теми. Тоа вклучуваше од проширени извештаи со бекграунд и со контекст, па сè до анализи, интервјуа и истражувања. Во оваа насока се истакнуваа дури и дел телевизии што имаа значително помал број прилози за оригинални теми од другите. ТВ Канал 5, на пример, покажуваше силен сопствен ангажман во сеопфатното известување за актуелните теми, со проширени извештаи по кои следуваа интервјуа, и повремено со извештаи во кои се откриваа нови детали (наслов: *„По Ќосето, уште пет споменици од проектот 'Скопје 2014' се пред дислокација*", 24.2.2018) или се изразуваше критика (цитат: *„Би ја нарекол скандалозна оваа одлука на вицепремиерот Бујар Османи*", најава на 24.2.2018). За ТВ Телма беше карактеристично што за актуелните теми објавуваше и сопствени истражувања (наслов: *„Калина и Александар најверојатно премрзнале во рок од еден час*", 21.2.2018). Друга карактеристика беше што медиумот додаваше ексклузивни информации и во прилозите за тековните настани, како на пример информацијата дека Јане Ченто, еден од обвинетите за собраниските насилства од 27 април, бил снимен како го удира Зоран Заев со нога (наслов: Дамовски, Илиевски и Арнаудов во куќен притвор, 21.2.2018). Во известувањето во други случаи се користеше критички тон (цитат: *„Со веќе подготвен одговор на лист хартија, министерот Алаѓозоски го дочека прашањето колку одлуки ќе бидат поништени и ревидирани*", 25.02.2018).

Трансмитивното известување без значителен новинарски ангажман беше најретко на ТВ Алсат-М, каде што беа вообичаени извештаите со засилен критички тон, како прилогот за назначувањето нов член во Советот на јавни обвинители (цитат: *„Дојде живот за некои, но најчесто за оние што во времето на ВМРО-ДПМНЕ беа обвинувани од СДСМ дека се слуги на т.н. режим на Груевски*", 23.2.2018). Прилозите од овој тип на ТВ 24 најчесто беа проширени извештаи, но се среќаваа и извештаи со критички тон (наслов: *„Ќе преживее ли националната историја*", 20.2.2018), како и анализи поттикнати од дневни известувања од висок јавен интерес (наслов: *„Задолжителни гинеколошки прегледи заради намалување на смртноста кај новороденчињата*", 21.2.2018).

Посебна карактеристика на новинарскиот ангажман на телевизијата Алфа беше коментирањето (цитат: *„На социјалните мрежи се шегуваат дека парламентот создал нова награда во Македонија, се работи за наградната функција „потпретседател на Собрание*", создадена за пратеници кои на најразлични начини ѝ угодиле на власта, 21.02.2018) и анализите (*„Жежов: Тргањето споменици значи негирање на македонската историја*", 22.2.2018). Со субјективниот пристап во известувањето, оваа телевизија е единствената што останала релативно конзистентна на уредувачката политика од времето на предходната власт. Ангажираното известување на оваа телевизија се карактеризираше со изразен субјективен тон, кој беше забележлив во неколку прилози и во повеќе најави. Таквиот субјективен однос не се среќаваше кај ТВ Сител, која своевремено беше центарот на тој систем. Најголем дел прилози со забележителен новинарски ангажман што се однесуваа на актуелните теми овој пат на ТВ Сител беа проширени извештаи, а бројот на анализите (наслов: *„Македонците само 12 години уживаат во пензионерските денови, ќе се намали ли дополнително овој период*", 20.2.2018) и на интервјуата беше многу помал.

Двата канала на Македонската телевизија објавија најмалку прилози што излегуваа од рамката на трансмитивното известување за дневните настани. Најчесто станува збор за проширени извештаи. На МТВ 1 исклучок беше една анализа со сопствен критички осврт (наслов: *„Собрание: Нема договор по координацијата*", 19.2.2018), една репортажа и интервју со европратеникот Иво Вајгл. Аналитичкиот пристап ретко се забележуваше и на МТВ 2 (наслов: *„Аналитичари: на власта ѝ треба силна опозиција*", 21.2.2018).

## 3.3. Теми на кои медиумите им дале приоритет

Мониторираните телевизии покажаа поголеми сличности отколку разлики во изборот на темите на кои им даваа приоритет во известувачкиот период. Споредбата меѓу содржините пласирани во првите пет прилози на информативните изданија на секоја телевизија покажа дека на настаните на денот најчесто им се дава предност во однос на темите што ги откриваат или ги анализираат самите медиуми.

Тоа особено важеше за настаните како посетата на премиерот Заев на Германија (21 февруари), посетата на претседателот на ЕК Јункер на Македонија (25 февруари), отстранувањето на споменикот на Ќосето (24 февруари) и откривањето на двата нови случаи на бремени девојчиња во Домот „25 Мај“ (20 февруари).

Во половина од мониторираните денови, шест од осумте телевизии ги почнаа вестите со извештаи од исти настани, а и преостанатите две им обезбедуваа простор на тие настани меѓу првите пет прилози.

Притоа поклопувањето се однесуваше само на изборот, а не и на начинот на обработка на овие теми, па така не може да стане збор за уредувачка конвергенција, како што беше случајот со четири од овие телевизии пред две или три години.

Дури и во деновите кога немаше ниту еден доминантен настан од овој тип и кога беа забележани најголеми разлики во изборот на ударните теми, најмалку три од осумте телевизии ги почнаа вестите со истата тема, како на пример МТВ 2, Сител и ТВ 24 со спорот за името на 23 февруари. Слична беше и состојбата и следниот ден на 24 февруари, кога три телевизии ги отворија вестите со отстранување-то на натписот „Александар Велики“ од скопскиот аеродром, а две со одлуката на вицепремиерот Бујар Османи да бојкотира конференција за Западен Балкан во Бања Лука. И повеќето други телевизии им дадоа приоритет на овие две теми, пласирајќи ги меѓу првите пет.

Сличностите меѓу телевизиите се должеа и на тоа што тие го отстапуваа почетниот дел од вестите за дневните настани дури и во деновите кога имаа прилози за теми што самостојно ги обработуваат. Или, како што беше случајот со ТВ 24 и со сомнителните тендери во средните училишта, за првиот прилог на оваа тема (објавен на 19 февруари) се најде место во почетниот дел од вестите, но продолженијата во следните денови беа пласирани кон средината или кон крајот на информативните изданија.

Како изгледаше поклопувањето во изборот на теми за ударниот дел од вестите по денови.

*Табела 5: Топ пет теми во информативните изданија на ТВ-каналите во мониторираниот период*

| ДАТУМ | ПРИОРИТЕТНИ ТЕМИ ВО МОНИТОРИРАНИОТ ПЕРИОД | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | МТВ 1 | МТВ 2 | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | АЛСАТ-М | АЛФА | ТВ 24 |
| 19 февруари | Иванов во Турција | Заев за спорот за името | Заев за спорот за името | Почина дете на клиника | Истрага за Кајмакчалан | Неисполнето ветување од Анѓушев | Случај „25 Мај" | Судење за нападот врз Села |
| | Нова странска инвестиција | Русија против НАТО | Интервју за спорот за името | Оставка за „25 Мај" | Дебата за Кајмакчалан | Случај „25 Мај" | Истрага за Кајмакчалан | Пресуда за Ивона Талевска |
| | Реакција на ВМРО-ДПМНЕ | Координација во Собранието | Англиски во пасошите | СДСМ за „25 Мај" | Случај „25 Мај" | Бојкот на училиште | Дебата за Кајмакчалан | Корупција во средните училишта |
| | Заев за спорот за името | Судење за нападот врз Села | Случај „25 Мај" | Кривична за „25 Мај" | Судење за нападот врз Села | Интернет-безбедност | Почина дете на клиника | Почина дете на клиника |
| | Координација во Собранието | Пресуда за Ивона Талевска | ВМРО-ДПМНЕ за „25 Мај" | Истрага за Кајмакчалан | Пресуда за Ивона Талевска | Поплавен стадион | Косијац за спорот за името | Случај „25 Мај" |
| 20 февруари | Средба Иванов-Ердоган | Расправа во Собранието | Уште 2 бремени во „25 Мај" | Уште 2 бремени во „25 Мај" | Смртност на новороденчиња | Уште 2 бремени во „25 Мај" | Уште 2 бремени во „25 Мај" | Уште 2 бремени во „25 Мај" |
| | Заев кон Берлин | Потпретседатели на Собранието | ВМРО-ДПМНЕ за „25 Мај" | Интервју за „25 Мај" | Истрага за „25 Мај" | Истрага за „25 Мај" | ВМРО-ДПМНЕ за „25 Мај" | Интервју за „25 Мај" |
| | Случај „25 Мај" | Реформи во Собранието | Програма за култура | Затворена Детска клиника | Извештај за АКМИС-от | Заев кон Берлин | Смртност на новороденчиња | Смртност на новороденчиња |
| | Смртност на новороденчиња | Апанажа за ДИК | Средба Иванов-Ердоган | Заев кон Берлин | Притвор за Чавков | Расправа во Собранието | Заев кон Берлин | Грипот коси |
| | Расправа во Собранието | Заев кон Берлин | Табли на автопатот | Средба Иванов-Ердоган | Совет на јавни обвинители | СДСМ отворени за БЕСА | Мицкоски за спорот за името | Заев кон Берлин |
| 21 февруари | Средба Заев-Меркел | Буџет на МТВ | Средба Заев-Меркел | Средба Заев-Меркел | Средба Заев-Меркел | Табли на автопатот | Исчезнати две девојки | Средба Заев-Меркел |
| | Заев во Берлин | Програма на МТВ 2 | Интервју за Заев-Меркел | Мицкоски за спорот за името | Притвори за 27 април | Југохром | Случај „25 Мај" | Притвори за 27 април |
| | Иванов во Турција | Средба Заев-Меркел | Грчки реакции за Заев-Меркел | Грчки реакции за Иванов- Ердоган | Судење на Канческа | Пругата кон Бугарија | ВМРО-ДПМНЕ за „25 Мај" | Судење на Канческа |
| | Реформи во адмнистрацијата | Изјава на Жбогар за реформите | Иванов во Турција | Иванов во Турција | Корупција во ДУИ | Расправа во Собранието | Пртвори за 27 април | Декласифициран АКМИС-от |
| | Случај „25 Мај" | Внатрешен конфликтво БЕСА | Случај „25 Мај" | Телекабел и Законот за АВМУ | Средба Гаши-Села | Притвор за Чавков | Средба Заев-Меркел | Судење на Владимир Талевски |
| 22 февруари | Извештај на ЕК | Османи за законот за јазици | Отстранет споменикот на Ќосето | Отстранет споменикот на Ќосето | Отстранет споменикот на Ќосето | Преквалификација на случајот Алмир | Отстранет споменикот на Ќосето | Отстранет споменикот на Ќосето |
| | Расправа во Собранието | Одземени надлежности на Таравари | Саша Богдановиќ за Ќосето | Мицкоски за Ќосето | Мицкоски за Ќосето | Одземени надлежности на Таравари | ВМРО-ДПМНЕ за Ќосето | Реакции за Ќосето |
| | Одземени надлежности на Таравари | Средба Таравари-Река | ВМРО-ДПМНЕ за Ќосето | Притвори за 27 април | Реконструкција на Владата | Програма за култуа | СДСМ за Ќосето | Притвори за 27 април |
| | Отстранет споменикот на Ќосето | Отстранет споменикот на Ќосето | СДСМ за Ќосето | Случај „25 Мај" | Одземени надлежности на Таравари | Реконструкција на Владата | Никола Жежов за Ќосето | Реконструкција на Владата |
| | Притвори за 27 април | Регистрација на администрацијата | Хан најавува препорака | Финансирање на партиите | Финансирање на партиите | Отстранет споменикот на Ќосето | Анализа за Заев-Меркел | Преговори за името |

| | МТВ 1 | МТВ 2 | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | АЛСАТ-М | АЛФА | ТВ 24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 февруари | Случај „25 Мај“ | СредбаЦипрас-Меркел | Османи не оди во Бања Лука | Средба Ципрас-Меркел Ципрас-Меркел | Нов собраниски деловник | Османи за случајот Алмир | Пресуда за весникот „Република“ | Најава за Јункер во Скопје |
| | Извештај на ЕК | Скопје 2014 | Спор за името | Грчки медиуми за името | Спор за името | Протест за случајот Алмир | Реакции за Ќосето | Реакции за Ќосето |
| | Јадранско-јонска иницијатива | Протест за случајот Алмир | Интервју за спорот за името | Османи не оди во Бања Лука | Корупција во МЛС | Нов член на Советот на обвинители | Експерти а Ќосето | Сестри жртви на напад |
| | Трет мобилен оператор | Анализа за корупцијата | АРМ на брифинг кај Иванов | Партиски реакции за Ќосето | Реакција на МЛС | Случај „25 Мај“ | ВМРО-ДПМНЕ за Ќосето | Случај „25 Мај“ |
| | Старост за пензионирање | Нов член на Советот на обвинители | Телекабел и Законот за АВМУ | Мицкоски за корупцијата | Мицкоски за корупијата | Програма за култура | Единствена Македонија за Ќосето | Трет мобилен оператор |
| 24 февруари | Реакции за Османи | Спор за името | Реакции за Османи | Загинат пешак во Скопје | Случај„25 Мај“ | Сменет натписот на аеродромот | Сменет натписот на аеродромот | Сменет натписот на аеродромот |
| | Најава Јункер во Скопје | Заев за мнозинството | Најава Јункер во Скопје | Реакции за Османи | Сменет натписот на аеродромот | Најава Јункер во Скопје | Спор за името | Спор за името |
| | Интервју со Иво Вајгл | Османи за планот 3-6-9 | Интервју за ЕУ и НАТО | Сменет натписот на аеродромот | Kosиjac ќе дојде во Скопје | Османи за планот 3-6-9 | Шилегов за Ќосето | Европратениците ќе дојдат во Скопје |
| | Судир во БЕСА | Закон за јазиците | Сменет натписот на аеродромот | Ципрас за името | Реконструкција на Владата | Реконструкција на Владата | ВМРО-ДПМНЕ за Ќосето | Реконструкција на Владата |
| | Сменет натписот на аеродромот | Реакции за Османи | Спор за името | Анализа на спорот за името | Интервју со Шекеринска | Судир во БЕСА | Единствена Македонија за Ќосето | Случај„25 Мај“ |
| 25 февруари | Средба Заев-Јункер | Средба Заев-Јункер | Средба Заев-Јункер | Средба Заев-Јункер | Средба Заев-Јункер | Истрага за Санте Плус | Ревизија на музејот на ВМРО | Средба Заев-Јункер |
| | ВМРО-ДПМНЕ за реформите | Анализа на посетата на Јункер | Средба Иванов-Јункер | Европратеници во Скопје | Статусот на МПЦ | Средба Заев-Јункер | Реконструкција на Владата | Пратеник од СИРИЗА за името |
| | Средба Јункер-Иванов | Заев за опозицијата | Интервју за посетата на Јункер | ВМРО-ДПМНЕ за Османи | Мицкоски за Османи | ВМРО-ДПМНЕ за реформите | ВМРО-ДПМНЕ за Османи | Демонтирање на Скопје2014 |
| | Мицкоски за Османи | Средба Гаши-Тачи | Мицкоски за Османи | Притвори за 27 април | Програма за култура | Пратеник од СИРИЗА за името | Средба Заев-Јункер | Кривична против Марјан Цветковски |
| | Крвична против Марјан Цветковски | Притвори за 27 април | Пратеник од СИРИЗА за името | Ревизија на музејот на ВМРО | Истрага за Санте Плус | Изјава на Заев за името | ВМРО-ДПМНЕ за реформите | Случај „25 Мај“ |

## 4. АКТЕРИ ОПФАТЕНИ ОД МЕДИУМИТЕ

Со оглед на тоа дека мониторираните телевизии многу почесто известуваа за истите теми отколку за различни, во прилозите почесто беа вклучени исти или слични актери. Најзастапени субјекти во информативните изданија беа државните функционери, со што медиумите генерално ја исполнуваа својата обврска да информираат за активностите на оние што раководат со институциите во име на граѓаните. На тоа се надоврзува и големата застапеност на самите институции како субјекти за кои се известуваше. Од друга страна, обидите да се реактивира Собранието, видео-обраќањата на лидерот на опозициската ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски и прес-конференциите на други претставници на неговата партија, како и внатрешните случувања во некои помали партии како БЕСА, придонесоа политичките партии на опозицијата да бидат на второто место според застапеноста во вестите.

Бидејќи станувaше збор за период со интензивни дипломатски активности (посетите на премиерот Заев на Германија и на претседателот Иванов на Турција, доаѓањето на претседателот на ЕК Јункер во Скопје) и за време во кое активностите околу надминувањето на спорот за името се во постојан фокус на јавноста, голем број странски државници и дипломати, исто така, се сретнуваа во вестите. Продолжувањето на притворите за вмешаните во собранискиот инцидент од 27 април 2017, како и други судски одлуки, придонесоа и актерите од правосудната фела (судии, обвинители, адвокати), да бидат меѓу најзастапените актери.

За разлика од претставниците на власта какви што се државните или локалните функционери, владејачките политички партии беа помалку застапени во вестите. Тие се сретнуваа претежно во извештаите од случувањата во Собранието или кога им се пренесуваа соопштенијата со кои реагираа на изјави од опозицијата. Случајот со сексуално злоупотребеното девојче од Домот „25 Мај“ го привлече гласот на поголем број граѓански организации. Беа покривани и други активности на невладините организации, како нивни истражувања, анализи или коментари во врска со животната средина, корупцијата, судството, медиумите итн. Граѓанскиот сектор беше застапен и во прилозите во врска со контроверзната годишна програма за култура, како и со трагедијата на Кајмакчалан.

Освен овие субјекти, во вестите на телевизиите повремено се појавуваа и претставници на академската заедница, дипломати, здравствени работници, земјоделци, културни работници, медиумски претставници, меѓународни организации, образовни работници, политички аналитичари, синдикални претставници и други актери.

***Табела 6: Најзастапени актери во информативните изданија на ТВ-каналите***

| АКТИВНИ | | ТВ-КАНАЛИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МТВ 1 | МТВ 2 | АЛФА | АЛСАТ-М | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | ТВ 24 |
| ДРЖАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ | 241 | 37 | 30 | 28 | 27 | 27 | 34 | 21 | 37 |
| ПП ОПОЗИЦИЈА | 189 | 31 | 19 | 34 | 15 | 25 | 23 | 21 | 21 |
| ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | 130 | 11 | 6 | 15 | 13 | 18 | 18 | 21 | 28 |
| СУДСКА ФЕЛА | 90 | 12 | 9 | 8 | 14 | 7 | 7 | 17 | 16 |
| СТРАНСКИ ДРЖАВНИЦИ | 87 | 12 | 4 | 17 | 8 | 12 | 14 | 9 | 11 |
| ПП ВЛАСТ | 70 | 13 | 6 | 5 | 9 | 7 | 11 | 11 | 8 |
| ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗЦИИ | 69 | 9 | 6 | 14 | 8 | 8 | 10 | 6 | 8 |
| ЛОКАЛНИ ФУНКЦИОНЕРИ | 53 | 6 | 5 | 4 | 6 | 8 | 5 | 8 | 11 |
| БИЗНИС ЗАЕДНИЦА | 44 | 10 | 3 | 3 | 2 | 3 | 8 | 5 | 10 |
| ПАСИВНИ | | | | | | | | | |
| ДРЖАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ | 41 | 9 | 2 | 11 | 1 | 5 | 7 | 4 | 2 |
| РАНЛИВИ ГРУПИ | 38 | 7 | 3 | 6 | 3 | 3 | 5 | 4 | 7 |
| ОБВИНЕТИ | 33 | 6 | 5 | 2 | 4 | 3 | 3 | 5 | 5 |
| ПП ВЛАСТ | 17 | 2 | / | 11 | / | 1 | 1 | 2 | / |
| ПП ОПОЗИЦИЈА | 13 | 4 | 2 | 3 | 1 | / | 1 | 2 | / |

Најголемиот број актери застапени во телевизиските вести беа активни чинители, односно беа вклучени со нивните изјави во прилозите. Две категории субјекти се појавуваа речиси исклучиво како пасивни - ранливите групи и осомничените во судските случаи. Известувањето за ранливите категории најчесто се однесуваше на штитеничките во Домот „25 Мај“, а осомничените се споменуваа поради одлуките за продолжување на притворите во врска со собраниските насилства од 27 април 2017 година. Тие беа пасивни актери, бидејќи според природата на настаните - едните како жртви на сексуална злоупотреба, а другите како притворени, не можеа да им бидат достапни на медиумите. Во нивно име зборуваа институциите, невладините организации, правните застапници и други субјекти.

Структурата на најзастапените актери беше слична на повеќето телевизии, а покарактеристични разлики можеа да се сретнат во соодносот, како и во типот на актери што поретко се среќаваа во вестите. На пример, на Програмскиот сервис МТВ 1 беа почесто застапени културните работници во однос на другите, бидејќи телевизијата емитуваше репортажи од подготовка на театарски претстави и други прилози (наслов: *„Претставата ‘Како да се ограби банка’ премиерно во Драмски“*, 21.2.2018). Од друга страна, пак, ТВ Алсат-М обезбеди малку поголема вклученост на локалните институции (наслов: *„Општина Сарај: Немаше примопредавање“*, 20.2.2018). Честото емитување интервјуа со различни соговорници во врска со актуелните теми (наслов: *„Спасов: Македонија да ја искористи шансата“*, 22.2.2018) придонесе на ТВ Канал 5 почесто да се среќаваат претставници на академската заедница и политички аналитичари. Истражувачките стории во врска со тендерите во училиштата на ТВ 24, пак, придонесоа на оваа телевизија образовните работници да бидат позастапени во однос на другите медиуми (наслов: *„Истрага во ‘Арсени Јовков’“*, 20.2.2018). На другите телевизии застапеноста на субјектите беше слична како и општата, со исклучок на ТВ Алфа, која се разликуваше по тоа што политичките партии на опозицијата беа почесто присутни во вестите дури и од државните функционери. Причина за ова беше честото пренесување на прес-конференциите на ВМРО-ДПМНЕ (оваа партија се сретнува во 29 прилози на телевизијата, а другите медиуми не известуваа толку ниту за сите опозициски партии заедно).

Односот кон актерите, пак, во голема мера се поклопуваше со односот на телевизиите кон темите за кои известуваа. Бидејќи најчесто се известуваше за дневните случувања, медиумите беа почесто пасивни приматели на информациите што ги создаваа актерите. Но, оние телевизии што имаа поаналитички или покритички пристап во известувањето, имаа и поактивен однос кон актерите. Таков беше примерот со ТВ Алсат-М, која го критикуваше вицепремиерот Кочо Анѓушев за лична корист од неисполнето ветување (наслов: *„По укинувањето на царината за акумулаторите, ги нема инвеститорите“*, 19.2.2018), или со ТВ Алфа која се постави критички, со доза на субјективно коментирање, кон повеќе теми (наслов: *„Скандалозен молк за малолетничките од ‘25 Мај’“*, 22.2.2018). Поактивен однос кон актерите беше забележан и на ТВ Телма (наслов: *„Не стивнуваат реакциите за годишната програма за култура“*, 19.2.2018) и на ТВ 24 (наслов: *„Државничка или лична одлука“*, 24.2.2018), а повремено на другите медиуми.

## 5. ЛОКАЦИИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ ВО ИНФОРМАТИВНИТЕ ИЗДАНИЈА НА ТВ-КАНАЛИТЕ

Во набљудуваниот период телевизиите беа претежно фокусирани на Скопје. Во три четвртини од емитуваните прилози се известуваше од или за главниот град. Преостанатата една четвртина се однесуваше на други локации во Македонија или во странство. Од странските локации најзастапени беа прилозите од известувачите од Брисел и од Берлин поради случувања поврзани со Македонија, а од домашните градови - Тетово и Охрид.

*Табела 7: Најчести локации за кои се известуваше во информативните изданија на ТВ-каналите*

| ЛОКАЦИИ | ТВ-КАНАЛИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | МТВ 1 | МТВ 2 | АЛФА | АЛСАТ-М | КАНАЛ 5 | СИТЕЛ | ТЕЛМА | ТВ 24 |
| СКОПЈЕ | 586 | 85 | 62 | 76 | 61 | 76 | 72 | 68 | 86 |
| ДРУГИ ГРАДОВИ ВО МК | 100 | 9 | 8 | 17 | 5 | 12 | 14 | 17 | 18 |
| РУРАЛНИ СРЕДИНИ | 11 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| СТРАНСТВО | 80 | 19 | 4 | 17 | 4 | 8 | 11 | 10 | 7 |
| ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ | 19 | 3 | 2 | 4 | 2 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| НЕМА ЈАСНА ЛОКАЦИЈА | 6 | 1 | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |

Руралните средини беа исклучително ретко застапени. Само ТВ Алсат-М емитуваше сопствени прилози од другите општини, какви што се, на пример, Сарај и Студеничани (наслов: „*Бојкот на наставата во Вртекица, инспекторите на терен*“, 19.2.2018). Кај повеќето телевизии единствените извештаи од руралните делови на државата беа тие за посетата на премиерот Зоран Заев на Општина Конче.

Во помал број прилози беа опфатени повеќе локации, а ретки беа случаите каде што не беше наведена јасна локација.

Географската концентрација на медиумите е уште една илустрација на нивното фокусирање на дневните актуелности. Најголемиот број значајни настани во земјата се случуваат во Скопје, па затоа главниот град доминира како локација од или за која се известува. Географската разновидност отсуствуваше дури и од двата канала на Македонската телевизија, иако јавниот сервис има дописничка мрежа и има поголеми обврски да ги претстави различните региони во земјата, кога комерцијалните медиуми не се заинтересирани или немаат капацитети за тоа.

*Графикон 3: Најчести локации за кои известуваше во информативните изданија*




Сопствени стории и анализи од другите градови во Македонија објавуваа телевизиите ТВ Алфа („*Седиштето на Правниот факултет се враќа во Битола*“, 23.2.2018; „*Тврдината Исар може да биде туристичка атракција*“, 24.2.2018), ТВ Алсат-М („*Општинскиот совет во Тетово, политички заробеник*“, 25.2.2018), ТВ Канал 5 („*Со Еразмус+ програмата до подобрување на квалитетот*

*во наставата во Велес*“, 24.2.2018), ТВ Телма („*Училиштата во Битола се даваат во долгови“*, 19.2.2018; „*Патот Пороj-Ѓермо е сѐ уште блокиран*“, 20.2.2018; „*Ученици од Струмица со решение за подобра транспортна врска меѓу Македонија и Бугарија“*, 24.2.2018) и ТВ 24 („*Општината се дави во долгови, градоначалникот Мерко набавува луксузна лимузина*“, 21.2.2018; „*Директорите во Гостивар разочарани од одлуката на МОН*“, 23.2.2018). Другите телевизии почесто го „напуштаа“ главниот град кога имаше значајни дневни случувања.

Карактеристика на Програмскиот сервис МТВ 1 во мониторираниот период беше што објави два сопствени прилога од странски локации, и тоа интервју со европратеникот Иво Вајгл од Брисел и репортажа за саем на органски производи во Нирнберг.

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ

Разновидноста во известувањето  во централните вести на најгледаните телевизии е значително подобрена, споредено со заклучоците од истражувањата спроведени пред една или две години, според кои половина од телевизиите оставале впечаток како да се раководени од ист центар поради големите сличности во изборот на теми и во пристапот кон нив.

Сите мониторирани медиуми опфатени во ова истражување покажаа свои специфики во информирањето и практично немаше ниту две информативни изданија на различни телевизии што беа слични едно на друго. Но, од мониторингот не може да се извлече заклучок дека оваа разноликост е резултат на конкурентски натпревар меѓу медиумите во насока на изнаоѓање различни содржини или различни форми на изразување во служба на јавниот интерес. Од податоците во истражувањето произлегува дека разликите се повеќе резултат на начинот на уредување на вестите и на изборот што го прават различните редакции во врска со тоа на кои теми ќе им посветат поголемо или помало внимание и на кој начин ќе ги претставаат информативните содржини. Притоа телевизиите не вложуваат еднаков напор во служењето на јавниот интерес и разликите меѓу нив главно произлегуваат од оваа уредувачка политика. Затоа во информативниот спектар имаме телевизии што не одат подлабоко под површината на случувањата, телевизии што го избрале коментаторскиот израз како своја карактеристика во известувањето, па сè до телевизии што имаат повеќе аналитички пристап во пренесувањето на информативните содржини и што го практикуваат истражувачкото новинарство во вестите.

Забележливи се големи сличности меѓу медиумите во **изборот на темите** за кои известуваа. Во најголем број случаи агендата во вестите беше наметната од тековните случувања. Има умерени разлики во степенот на застапеност на актуелните теми. Различни медиуми избираа да им отстапат поголем или помал простор на различни случувања, во зависност од уредувачката политика.

Најголемите разлики можеа да се забележат во **пристапот кон најзастапените теми** и во начинот на известување за нив. Тие се движеа од едноставното пренесување на најновите информации на јавниот сервис, преку коментаторскиот пристап на ТВ Алфа, аналитичко-критичкиот однос на ТВ Алсат-М, сеопфатното известување преку проширени извештаи и интервјуа на ТВ Канал 5, проширените извештаи на ТВ Сител, повремениот истражувачки пристап на ТВ Телма, сè до тековното и повремено аналитичко известување на ТВ 24.  Иако беа забележителни обидите на различни телевизии да бидат препознатливи по својот карактер и стил на известување, најголемиот број прилози во мониторираниот период беа објавени со мал или незначителен новинарски ангажман.

Само на ТВ Алсат-М, ТВ Телма и на ТВ 24 бројот на прилози во кои едноставно се пренесуваат информациите за најновите случувања беше под 50 отсто, а на МТВ 1 тој изнесуваше речиси 90 отсто.

Мониторингот покажа дека недостига поаналитички пристап во известувањето кај повеќето телевизии, а од друга страна дека сè уште има  субјективни и коментаторски толкувања на актуелните случувања кај некои ТВ-канали.

Различниот пристап во известувањето резултираше **и со жанровска разновидност** кај медиумите во мониторираниот период. Иако извештаите (едноставни или проширени) беа доминантна форма на изразување на сите телевизии, за некои од нив беше карактеристична почестата употреба на интервјуата (ТВ Канал 5), истражувачките прилози (ТВ 24), анализите (ТВ Алсат М), коментарите (ТВ Алфа) или репортажите (ТВ Телма). Но, од друга страна, мониторингот покажа дека телевизиите сè уште емитуваат голем број изјави и соопштенија без никаква новинарска интервенција во нив.

Бројот на прилози за теми што **излегуваат од рамката на актуелните случувања** е премногу мал на сите телевизии, а бројот на истражувачки прилози е уште помал. Телевизиите премалку ги користат своите капацитети за да излезат од агендата на дневното информирање и да наметнат сопствени теми од јавен интерес. Во таа насока потребно да го зголемат бројот на прилози во кои се обработуваат теми што не се поврзани со дневните случувања, туку со хронични проблеми во општеството или со непознати случувања од јавен интерес, како истражувања, анализи и репортажи, што пак, бара повеќе време и ресурси за нивно продуцирање.

И покрај сите разлики што можеа да се забележат меѓу медиумите, во мониторираниот период тие покажаа големи сличности во изборот на темите на кои им даваа **приоритет и ги пласираа меѓу првите пет прилози** во вестите. Притоа, дневните вести во некои случаи добиваа предност пред истражувачките прилози и пред ексклузивните информации до кои дошле поединечните медиуми. Впечатокот е дека телевизиите не им даваат приоритет на прилозите што биле резултат на сопствениот ангажман на редакциите во однос на извештаите од дневните случувања, што всушност е еден од начините како да се избегне унифицираноста на тематската содржина на вестите.

Државните функционери и јавните институции **се најзастапени актери на сите телевизии**, што е очекувано, бидејќи тие се во фокусот на јавноста, но често агендата во медиумите произлегуваше од настаните поврзани со функционерите. Позитивен развој во балансираноста на известувањето е што политичките партии на власта беа многу помалку застапени како активни актери во однос на политичките партии на опозицијата, бидејќи владиниот глас се слуша и преку функционерите и преку институциите, додека централните субјекти преку кои се изразува опозицијата се токму партиите. Мониторингот покажа дека недостига поактивен однос на телевизиите кон политичките актери, наместо само пренесување на информациите што тие ги создаваат. Дополнително потребен е по-граѓански пристап во известувањето, односно - наместо само да се пренесуваат вестите што доаѓаат од функционерите и од институциите, недостига да се прикаже каков ефект тие имаат врз граѓанинот, каков е проблемот што одредена нова мерка треба да го реши или каква негативна последица може да настане од некоја нова одлука. Во информативните изданија треба да се задржи балансот во застапеноста на претставниците на власта (претставени како државни или локални функционери или како политички партии) и на опозицијата (претставени најчесто како политички партии).

Локациската разноликост е премногу мала, ако се земе предвид дека три четвртини од прилозите се однесуваа на Скопје. Меѓу поединечните медиуми има умерени разлики во просторот што го отстапуваат за содржини поврзани со други региони во земјата, но Скопје е доминантна локација на сите нив.

Крајниот заклучок е дека разноликост во известувањето постои, но таа е производ на квалитативните разлики во кои некои телевизии се поблиску, а други подалеку од професионалните стандарди што треба да ги поседува еден медиум за да му служи на јавниот интерес.

## БИБЛИОГРАФИЈА

ААAВМУ, *Истражување на мислењето на публиката во Република Македонија*. Скопје: АААВМУ. Достапно на: https://bit.ly/2L8C3TY .

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, *Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици*, (прв квартал од 2018). Скопје: АААВМУ. Достапно на: https://bit.ly/2wAKSCU.

Заклучок изнесен на дебатата „*Истражувачко новинарство - за да се дознае вистината*“, организирана од Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија на 19 октомври 2016. Достапно на: https://tv21.tv/mk/?p=105824.

Институт за комуникациски студии, *Извештај од следењето на медиумските содржини*, 6 февруари - 4 март 2016. Скопје: ИКС. Достапно на: http://respublica.edu.mk/modem/06-04-mart-2016/Third-Monthly-report-MODEM_opt.pdf.

International Republican Institute, *Public Opinion Research in Macedonia*, August 2017, USAID. Достапно на: http://www.iri.org/sites/default/files/2017-9-18_macedonia_poll.pdf.

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Гоце Трпковски е дипломиран новинар со 15-годишно искуство како новинар и уредник и учествувал во повеќе истражувачки проекти од медиумската област.

#ReForMediaMKD

Унапредување на соработката меѓу граѓанските организации, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера

Проектот е финансиран од Европската Унија

Македонски институт за медиуми

Mirovni inštitut
Inštitut za sodobne družbene in politične študije
The Peace Institute
Institute for Contemporary Social and Political Studies